Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Сто педесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 септември 2019 година

Скопје, септември 2019 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто педесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 септември 2019 година**

Седницата започна во 14:30 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Нина Ангеловска, министер за финансии, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа Кирил Колемишевски, заменик на министерот за економија, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата на Република Северна Македонија м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора и Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од 150-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 август 2019 година

- Усвојување на Записникот од 152-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 септември 2019 година

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

✓ Извештај од Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните

✓ Извештај од Меѓуресорската работна група за спроведување на Законот за употреба на јазиците

## А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

### а) гости

1. Годишна сметка за 2018 година, Извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" п.о. - Скопје во 2018 година и Одлука за распоредување на вишок на средства по Годишната сметка за 2018 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми" п.о. - Скопје, со Извештај од независен ревизор, дополнувања и Предлог-одлуки

2. Информација за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот пазарен инспекторат, со Предлог-одлука

3. Информација за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Општина Штип, со Предлог-одлука

4. Информација за донесување на програма за изменување и дополнување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2019 година, со Предлог-програма

5. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за организацијата и користењето на воздушниот простор

6. Предлог-одлука за начинот на определување на висината на надоместокот за користење на услуги на воздухопловна навигација, начинот на наплатата и ослободување од плаќање на надоместокот како и висината и начинот на определување на делот од надоместокот за користење на услугите на воздухопловна навигација

7. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

8. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Општина Босилово

9. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија

10. Барање за пренесување право на сопственост на објект лоциран на КП бр. 4115/1 за КО Крушево на Општина Крушево, без надомест, со Предлог-одлука

11. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи

12. Информација во врска со одржаната 15-та редовна седница на Националниот совет за ИКТ и сајбер безбедност

**б) економски систем и тековна економска политика**

13. Информација за Сто шеесет и третата седница на Одборот на директори на Претпријатието за нафтовод Солун - Скопје, „Вардакс" АД закажана за 17.9.2019 година, со прилози

14. Информација за потребата за определување на државен пат - регионален пат Р1109, делница: Гевгелија (врска со А1)-Богданци (обиколница Богданци)-Фурка (врска со Р1105),

по Барање на Јавното претпријатие за државни патишта, а врз основа на Одлука на Општина Богданци за прекатегоризација на дел од транзитен пат низ населено место во општинска улица, со Предлог-одлука

15. Информација за престанок и давање на трајно користење на движни ствари - моторни возила на Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта - Скопје, со Предлог-одлука

16. Информација за давање согласност за одвојување на системот за наводнување „Кратово" од Фаза 2 - Наводнување од проектот ХС Злетовица

17. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објект со намена А4-времено сместување (викенд куќа) КО Другово, Општина Кичево, со Предлог-одлука

18. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 10(20) kV надземен вод од ДВ 10 kV Разловци до ТС 10/0,4 kV Пумпи КО Вирче, Општина Делчево, со Предлог-одлука

19. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

20. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи (Триделковци) КО Сопиште-вонградежен, Општина Сопиште, со Предлог-одлука

**в) политички систем**

21. Информација со Нацрт - стратегија за одбрана на Република Северна Македонија

22. Информација за подготовката на Шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско - финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 2 октомври 2019 година во Брисел, со прилози

23. Информација за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и владите на Република Северна Македонија и Република Албанија за 2018 година од Акциската програма за прекугранична соработка Република Северна Македонија - Република Албанија за годините 2018-2020 - CRIS 2018/041-370, во рамки на ИПА 2, со усогласен текст на Спогодба

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### а) економски систем и тековна економска политика

24. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за вкупната инсталирана моќност на повластените производители на електрична енергија

25. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „с. Лабуништа“, Општина Струга

### б) политички систем

26. Предлог-одлука за именување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Сојузна Република Германија, со седиште во Минхен

27. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка“ во Исламската Република Авганистан

28. Предлог-одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција на Европската Унија „АЛТЕА“ во Босна и Херцеговина

### в) човечки ресурси и одржлив развој

29. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа „Универзитетска клиника за дигестивна хирургија“ - Скопје

### г) предлози по кои Владата дава мислење:

#### (а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија

#### (б) по барање на органи, организации и други правни лица

30. Понуда од нотар Насер Зибери од Скопје за користење на право на првенствено купување на недвижен имот, кој е во сопственост на Република Северна Македонија со Имотен лист бр.4280 за КО Илинден на КП 932

31. Понуда од нотар Татјана Адамоска - Конеска од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 100424 КО Кривогаштани на КП бр. 7437/1 и КП бр. 7437/2 викано место/улица Село

32. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје за налог за извршување доставено под И. бр. 653/18 со дополнување

**д) други предлози**

33. Кадровски прашања

34. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

35. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - Скопје во периодот април - јуни 2019 година

36. Тромесечен финансиски извештај за работењето на АД „ТЕЦ Неготино“, за периодот април - јуни 2019 година

37. Шестмесечен извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јануари - јуни 2019 година

38. Извештај за работа на директорот на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за период јануари - јуни 2019 година

39. Извештај за работа на Инспекцискиот совет и Информација за работа на инспекциските служби за втор квартал за 2019 година

40. Годишен извештај за спречување на неправилности и сомнежи за измами согласно Уредбата за постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебна соработка, формата, содржината, роковите и начинот за известување на неправилностите во текот на 2018 година

41. Информација во врска со поднесените барања за повлекување на барањата на Друштвото за трговија и услуги „Калтун Енержи“, ДОО Скопје и ТХОР „Импекс“ ДООЕЛ Скопје

42. Информација во врска со полугодишниот финансиски и оперативен Извештај за периодот јануари - јуни 2019 година, за „Меѓународниот аеродром Скопје“ и „Св.Апостол Павле“ - Охрид на ТАВ Македонија, со полугодишни извештаи за I половина на 2019 година

43. Информација за активностите во насока на имплементација на клучните мерки под димензијата Антикорупција од Стратегијата за Југоисточна Европа 2020

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

44. Предлог-закон за класифицирани информации

45. Информација во врска со потребата од пристапување на Република Северна Македонија кон Конвенцијата за намалување на бездржавјанство на Обединетите нации од 1961 година

46. Информација за постапката пред Европскиот суд за човекови права против Република Северна Македонија иницирана од страна на правното лице со седиште во Полска NDI S.A., А. бр.6035/17 и можноста за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права

47. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство и трговија АНДЕРСОН ЛЕОНАРД ФАРМАЦЕУТИКАЛ ДООЕЛ Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

48. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот ученички дом „Мирка Гинова" - Битола

49. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општински ученички дом „Бранко Станоевиќ" - Гостивар

*

*  *

Владата без забелешки ги усвои записниците од Сто и педесеттата и Сто педесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 20 август 2019 година и 3 септември 2019 година.

*

*  *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- **Извештај од Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните**

Владата ја разгледа Информацијата со насока за постапување на Министерството за образование и наука за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните и ја усвои со следниве заклучоци:

1.Се задолжува Министерството за образование и наука да го прилагоди името на државата во учебниците согласно амандманите XXXШ, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија во сите технички информации во учебниците за основно и средно образование.

2.Се задолжува Министерството за образование и наука да го прилагоди името на државата во учебниците согласно амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија во содржината на сите учебници за основно и средно образование, секаде каде името на државата се користи во ситуации по стапувањето на сила на овие амандмани.

3.Се задолжува Министерството за образование и наука да им укаже на издавачките куќи со кои има склучено договори, да го прилагодат името на државата согласно амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија во техничките информации и содржинските информации во учебниците за основно и средно образование.

- **Извештај од Меѓуресорската работна група за спроведување на Законот за употреба на јазиците**

Владата ја разгледа Информацијата со насока за постапување на Министерството за внатрешни работи од Меѓуресорската работна група за спроведување на Законот за употреба на јазиците и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за внатрешни работи возачките дозволи да ги издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо и јазикот што го зборуваат најмалку 20 проценти од граѓаните и неговото писмо.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата по Годишната сметка за 2018 година, Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о. - Скопје во 2018 година и Одлуката за распоредување на вишок на средства по Годишната сметка за 2018 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ п.о. - Скопје, со Извештај од независен ревизор, дополнувања и Предлог-одлуки ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Годишниот извештај по Годишната сметка за период 1.1. - 31.12.2018 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ п.о. - Скопје и

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за распоредување на вишок на средства по Годишната сметка за 2018 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ п.о. - Скопје, во предложените текстови.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот пазарен инспекторат, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за економија -Државен пазарен инспекторат, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Општина Штип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Општина Штип, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за донесување на програма за изменување и дополнување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2019 година, со Предлог-програма, го усвои и ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување на Уредбата за организацијата и користењето на воздушниот простор, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за начинот на определување на висината на надоместокот за користење на услуги на воздухопловна навигација, начинот на наплатата и ослободување од плаќање на надоместокот како и висината и начинот на определување на делот од надоместокот за користење на услугите на воздухопловна навигација, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го одложи разгледувањето на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата поради потребата Министерството за економија да ги провери суштинските измени на Статутот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија.

**Точка 8**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Општина Босилово.

**Точка 9**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Барањето за пренесување право на сопственост на објект лоциран на КП бр. 4115/1 за КО Крушево на Општина Крушево, без надомест, со Предлог-одлука, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 11**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување на Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржаната 15-та редовна седница на Националниот совет за ИКТ и сајбер безбедност и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Националниот совет за ИКТ и сајбер безбедност, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за финансии - Биро за јавни набавки и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да одржат состанок со цел да утврдат предлог за изменување на Законот за јавни набавки, со кој ќе се утврдат надлежностите/обврската на институциите да се обратат за мислење до Националниот совет за ИКТ и сајбер безбедност.

2. Се задолжува Националниот совет за ИКТ и сајбер безбедност за наредната седница на Владата да достави Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Национален совет за информациски и комуникациски технологии и сајбер безбедност („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2019) и Предлог-решение за дополнување на Решението за именување на претседател, заменик претседател, членови и нивни заменици на Национален совет за информациски и комуникациски технологии и сајбер безбедност („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/2019), со кои составот на Националниот совет за ИКТ и сајбер безбедност ќе се дополни со член и заменик член од Министерството за финансии.

Истовремено, Владата го задолжи Националниот совет за ИКТ и сајбер безбедност/секретарот на Националниот совет од плановите за јавни набавки кои се објавуваат на 31 јануари да ги собере информациите за потребите на институциите за набавка на опрема/софтвер за 2020 година, со технички спецификации или да се обратат до Бирото за јавни набавки/генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија со цел да се направи сублимат на информациите.

<u>Точка 13</u>

Владата ја разгледа Информацијата за Сто шеесет и третата седница на Одборот на директори на Претпријатието за Нафтовод Солун - Скопје, „Вардакс" АД закажана за 17.9.2019 година, со прилозите кон неа и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на Друштвото „Вардакс" АД, Бобе Цецев по однос на точката под реден број 2, да гласа ЗА во однос на замена на законските претставници и движење на банкарската сметка на Канцеларијата за претставување на „Вардакс" АД (Vardax Branch Office) во Скопје.

2. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на Друштвото „Вардакс" АД, Бобе Цецев по однос на точката под реден број 3, да гласа ЗА во однос на информирање за работата «Управување, Надзор и Одржување на нафтоводот Солун - Скопје и неговите помошни инсталации».

3. Се задолжува „Нафтовод", ДООЕЛ - Скопје во рок од 15 дена да ја информира Владата за барањата за финансирање на Друштвото „Вардакс" АД упатени до „Нафтовод", ДООЕЛ - Скопје, да предложи конкретни решенија во однос на наведените барања на Вардакс АД, со цел Владата да може да донесе соодветна одлука.

<u>Точка 14</u>

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за определување на државен пат - регионален пат Р1109, делница: Гевгелија (врска со А1)-Богданци (обиколница Богданци)-Фурка (врска со Р1105), по Барање на Јавното претпријатие за државни патишта, а врз основа на Одлука на Општина Богданци за прекатегоризација на дел од транзитен пат низ населено место во општинска улица, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за категоризација на државните патишта, во предложениот текст.

<u>Точка 15</u>

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и давање на трајно користење на движни ствари - моторни возила на Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта - Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за

престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за одвојување на системот за наводнување „Кратово" од Фаза 2 - Наводнување од проектот ХС Злетовица и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за одвојување на системот за наводнување „Кратово" од Фаза 2 - Наводнување од проектот ХС Злетовица со што ќе биде олеснета процедурата за обезбедување на кредит од ЕИБ за финансирање на овој повеќенаменски проект.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство да укаже на ЈП ХС Злетовица да ја предаде без надомест целокупната изработена техничка документација за Системот за наводнување „Кратово" на Општина Кратово со цел Општината да може да бара поволни извори за финансирање на истиот.

3.Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во соработка со ЈП ХС Злетовица, да подготви и достави известување до Европската инвестициона банка дека Системот за наводнување „Кратово" ќе биде исклучен од фаза 2 - Наводнување од проектот ХС Злетовица.

**Точка 17**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објект со намена А4-времено сместување (викенд куќа) КО Другово, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објект со намена А4-времено сместување (викенд куќа) КО Другово, Општина Кичево, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 10(20) kV надземен вод од ДВ 10 kV Разловци до ТС 10/0,4 kV Пумпи КО Вирче, Општина Делчево, со Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 10(20) kV надземен вод од ДВ 10 kV Разловци до ТС 10/0,4 kV Пумпи КО Вирче, Општина Делчево, во предложениот текст.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

## Точка 20

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи (Триделковци) КО Сопиште-вонградежен, Општина Сопиште, со Предлог-одлука, поради потребата Министерството за транспорт и врски, во соработка со Општина Сопиште, да подготви и до Владата да достави информација со податоци за изграденост на просторот за кој се бараат пренамени во КО Сопиште (Општина Сопиште) и статусот на градбите (легални и диоградби), со картографски приказ на зоните/подрачјето.

Истовремено, Владата заклучи материјалите во врска со пренамена на земјоделско во градежно земјиште за КО Сопиште (Општина Сопиште), да се разгледаат на седница на Владата откако Министерството за транспорт и врски во соработка со Општина Сопиште и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, ќе ги достават бараните информации во врска со ова прашање.

## Точка 21

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со Нацрт - Стратегија за одбрана на Република Северна Македонија и го усвои со следниов заклучок:

- Се задолжува Министерството за одбрана во рок од седум дена да ја достави Стратегијата за одбрана на Република Северна Македонија до Претседателот на Република Северна Македонија за нејзино донесување.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за подготовката на Шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско - финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 2 октомври 2019 година во Брисел, со прилози и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се назначува м-р Андрија Алексоски од Министерството за финансии за претседавач на Поткомитетот за економски и финансиски прашања и статистика.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи и Државниот завод за статистика и им се укажува на Народната банка на Република Северна Македонија, Агенцијата за супервизија на осигурувањето, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Комисијата за хартии од вредност, Државниот завод за ревизија, Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош и Јавното претпријатие за државни патишта да подготват пишани материјали на англиски јазик за Шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско - финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 2 октомври 2019 година во Брисел, во согласност со точките од дневниот ред, имајќи ги предвид Мислењето на Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и укажувањето на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, изнесено по материјалот во текот на расправата на седницата на Владата и истите да ги достават до Секретаријатот за европски прашања, во најбрз можен рок.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали согласно точките на дневниот ред за Шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско - финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 2 октомври 2019 година во Брисел, да ги достави до службите на Европската комисија, во најбрз можен рок.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања во консултација со претседавачот на Поткомитетот за економско - финансиски прашања и статистика да го определи составот на делегацијата која ќе присуствува на состанокот на Поткомитетот за економско - финансиски прашања и статистика врз основа на добиените номинации од институциите учесници, во најбрз можен рок.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и владите на Република Северна Македонија и Република Албанија за 2018 година од Акциската програма за прекугранична соработка Република Северна Македонија - Република Албанија за годините 2018-2020 - CRIS 2018/041-370, во рамки на ИПА 2, со усогласен текст на Спогодба и ја усвои со следниве заклучоци:

1.Го прифати усогласениот текст на Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и владите на Република Северна Македонија и Република Албанија за 2018 година од Акциската програма за прекугранична соработка Република Северна Македонија - Република Албанија за годините 2018-2020 - CRIS 2018/041-370, во рамки на ИПА 2.

2.Се определува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и национален ИПА координатор д-р Бујар Османи, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и владите на Република Северна Македонија и Република Албанија за 2018 година од Акциската програма за прекугранична соработка Република Северна Македонија - Република Албанија за годините 2018-2020 - CRIS 2018/041-370, во рамки на ИПА 2.

3.Се задолжува Министерството за локална самоуправа да го планира и предвиди износот на буџетски средства потребни за национално кофинансирање за 2018 година од Акциската програма за прекугранична соработка Република Северна Македонија - Република Албанија за годините 2018-2020 - CRIS 2018/041-370, во рамки на ИПА 2, во рамки на максимално одобрените износи на расходи со Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните години, и во согласност со динамиката на спроведување на проектите финансирани во рамки на оваа Програма.

## Точка 24

Владата го донесе новиот текст Одлуката за изменување на Одлуката за вкупната инсталирана моќност на повластените производители на електрична енергија, во предложениот текст.

## Точка 25

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „с. Лабуништа", Општина Струга, во предложениот текст.

## Точка 26

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за именување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Сојузна Република Германија, со седиште во Минхен, во предложениот текст.

## Точка 27

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка" во Исламската Република Авганистан, ја утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја донесе Одлуката.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

## Точка 28

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција на Европската Унија „АЛТЕА“ во Босна и Херцеговина, ја утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја донесе Одлуката.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска - Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

## Точка 29

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа „Универзитетска клиника за дигестивна хирургија“ - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 30

Владата ја разгледа Понудата од нотар Насер Зибери од Скопје за користење на право на првенствено купување на недвижен имот кој е во сопственост на Република Северна Македонија со Имотен лист бр.4280 за КО Илинден на КП 932 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 31

Владата ја разгледа Понудата од нотар Татјана Адамоска - Конеска од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 100424 КО Кривогаштани на КП бр. 7437/1 и КП бр. 7437/2 викано место/улица Село и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 32

Владата го разгледа Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје за налог за извршување доставено под И. бр. 653/18 со дополнувањето и по истото го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски како и мислењата на Агенцијата за

управување со одземен имот и Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 33</u>**

**1.** Владата ја разреши Христина Стаменкова, од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе, на нејзино барање.

**2.** Владата на Петар Новески му утврди престанок на функцијата државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Велес, поради исполнување на условите за стекнување на правото на старосна пензија, заклучно со 6.11.2019 година.

**3.** Владата донесе Одлука за распишување Оглас за именување државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Велес.

**4.** Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација (М - НАВ) АД Скопје, за член на Управниот одбор да го избере Миѓен Салмани.

**5.** Владата го одложи за наредната седница предлогот за именување на претседател и членови на Националниот совет за културното наследство.

**6.** Владата му препорачува на Надзорниот одбор на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација (М - НАВ) АД Скопје, за член на Управниот одбор да го избере Миѓен Салмани.

**<u>Точка 34</u>**

1. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 9 септември 2019 година до 15 септември 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

2. Владата заклучи:

1) Се задолжува Министерството за економија во рок од 15 дена да го стави во широка употреба стандардот за бетон МКС ЕН 206 на целата територија на Република Северна Македонија, согласно член 13 и 45 од Законот за градежни производи.

2) Се задолжува Министерството за транспорт и врски во рок од 15 дена да ги стави во примена еврокодовите кои се однесуваат на проектирање на конструкции.

3. Во врска со Заклучокот на Владата по повод Барањето за покровителство на Бошњачко - националниот совет усвоен на 153-та седница на Владата, одржана на 10 септември 2019 година и ново доставеното Барање на Бошњачко - националниот совет до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија заведено под број 08-2578/5 од 17.9.2019 година, Владата заклучи истиот да се дополни со следниот заклучок:

Се задолжува НУ „Филхармонија на Република Северна Македонија“ да овозможи бесплатно користење на салата за прослава на Денот на Бошњаците на 28 септември 2019 година, од 18 часот.

4. Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев ги информира членовите на Владата дека во наредниот период од 10 месеци, еднаш месечно ќе се одржуваат седници на Владата, надвор од Скопје во различни региони во Република Северна Македонија.

По овој повод, Владата заклучи:

1) Во Предлог-распоредот за одржување седници на Владата надвор од Скопје, предложените осум региони да се дополнат со уште два региони Штип и Кичево и да бидат вкупно 10 региони.

2) Се задолжуваат сите членови на Владата до 20 септември 2019 година (петок) до м-р Радмила Шекеринска - Јанковска, заменик на претседателот на Владата и министер за одбрана да доставaт предлози и сугестии, со цел на наредната седница на Владата м-р Радмила Шекеринска - Јанковска, заменик на претседателот на Владата и министер за одбрана да информира за конечноста на предлогот.

## Точка 35

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - Скопје во периодот април - јуни 2019 година, како материјал за информирање.

## Точка 36

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД „ТЕЦ Неготино“, за периодот април - јуни 2019 година, како материјал за информирање.

## Точка 37

Владата го разгледа новиот текст на Шестмесечниот извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јануари - јуни 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 38**

Владата го разгледа Извештајот за работа на директорот на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за период јануари - јуни 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 39**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за работа на Инспекцискиот совет и Информација за работа на инспекциските служби за втор квартал за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 40**

Владата го разгледа новиот текст на Годишниот извештај за спречување на неправилности и сомнежи за измами согласно Уредбата за постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебна соработка, формата, содржината, роковите и начинот за известување на неправилностите во текот на 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесените барања за повлекување на барањата на Друштвото за трговија и услуги „Калтун Енержи" ДОО Скопје и ТХОР „Импекс" ДООЕЛ Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со полугодишниот финансиски и оперативен Извештај за периодот јануари - јуни 2019 година, за „Меѓународниот аеродром Скопје" и „Св.Апостол Павле" - Охрид на ТАВ Македонија, со полугодишни извештаи за I половина на 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите во насока на имплементација на клучните мерки под димензијата Антикорупција од Стратегијата за Југоисточна Европа 2020, како материјал за информирање.

**Точка 44**

Владата го разгледа Предлог-законот за класифицирани информации (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска - Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереници Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана и д-р Стојан Славески, директор на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

**<u>Точка 45</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од пристапување на Република Северна Македонија кон Конвенцијата за намалување на бездржавјанство на Обединетите нации од 1961 година и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за надворешни работи да иницира и спроведе постапка за пристапување на Република Северна Македонија кон Конвенцијата на Обединетите нации за намалување на бездржавјанството од 1961 година.

**<u>Точка 46</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за постапката пред Европскиот суд за човекови права против Република Северна Македонија иницирана од страна на правното лице со седиште во Полска NDI S.A., А. бр.6035/17 и можноста за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права, ја усвои и го овласти владиниот агент за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права да го извести Европскиот суд за човекови права дека во светло на околностите на случајот, Владата одлучи да не ја прифати понудата во износ од три милиони евра, доставена од страна на компанијата апликант, NDI S.A. за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права и да го извести Европскиот суд за човекови права дека во случајот ќе достави писмена одбрана за целите на постапката пред Европскиот суд за човекови права која ќе продолжи како контрадикторна.

**<u>Точка 47</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство и трговија АНДЕРСОН ЛЕОНАРД ФАРМАЦЕУТИКАЛ ДООЕЛ Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство и трговија АНДЕРСОН ЛЕОНАРД ФАРМАЦЕУТИКАЛ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

**<u>Точка 48</u>**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот ученички дом „Мирка Гинова" - Битола со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 49

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општински ученички дом „Бранко Станоевиќ“ - Гостивар со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

*

*         *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:40 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев